# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-65/7
12.06.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 11 седница одржана на 31.05.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма Автоматика, роботика и системско инженерство втор циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Автоматика, роботика и системско инженерство втор циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија " бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:

- **Магистер по електротехника и информациски технологии од областа на автоматика, роботика и системско инженерство**

Научно-истражувачко подрачје: Техничко-технолошки науки
Научно-истражувачко поле: 218.
Научно-истражувачка област: 21801-21807.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје, втор циклус студиската програма „**Автоматика, роботика и системско инженерство**", на 05.02.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 4 седница, одржана на 15.02.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и ивештајот на стручната комисија, на својата 11 седница одржана на 31.05.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски